Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/48

З А П И С Н И К

од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 април, 1 мај и 5 мај 2020 година

Скопје, април и мај 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 април, 1 мај и 5 мај 2020 година**

Седницата се водеше во три дела.

Првиот дел од седницата што се одржа на 30 април 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатршни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на

Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија.

Овој дел од седницата заврши во 13:20 часот.

*

*　　　*

Вториот дел од седницата што се одржа на 1 мај 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:40 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Санела Шкријељ, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија.

Овој дел од седницата заврши во 11:50 часот.

*
*       *

Третиот дел од седницата што се одржа на 5 мај 2020 година преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 15:45 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*
*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 април 2020 година

2. Записник од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 април 2020 година

3. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба

5. Предлог - одлука за намалување на увозната давачка – царинската стапка на патенти за автонавлаки

6. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

7. Информација за потребата од спроведување на постапки за набавка на софтвер за финансиско и сметководствено работење како и набавка на информатичка опрема за потребите на Единицата за имплементација на проектите на Светска банка во Министерството за транспорт и врски

8. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите

9. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за административни службеници за време на вонредна состојба

10. Информација со сет мерки од областа на образованието (спроведување на едукативен процес во услови на covid-19 кризата)

11. Кадровски прашања

12. Прашања и предлози

13. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба

15. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година

16. Предлог - одлука за начинот на уплата и исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 29 април 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа и усвои Записник од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 април 2020 година.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредна состојба.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за угостителската дејност за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за намалување на увозната давачка – царинската стапка на патенти за автонавлаки, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, со заклучок текстот на Програмата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на постапки за набавка на софтвер за финансиско и сметководствено работење како и набавка на информатичка опрема за потребите на Единицата за имплементација на проектите на Светска банка во Министерството за транспорт и врски и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски веднаш да започне со спроведување на постапки за набавка на софтвер за финансиско и сметководствено работење како и набавка на информатичка опрема за потребите на Единицата за имплементација на проектите на Светска банка во Министерството за транспорт и врски.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски навремено да ја информира Владата за текот на реализација на активностите за Проектот за поврзување на локални патишта и Проектот за унапредување на транспортот и трговијата во Западен Балкан финансирани со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за административни службеници за време на вонредна состојба, со заклучок текстот на Уредбата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 10**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со сет мерки од областа на образованието (спроведување на едукативен процес во услови на COVID-19 кризата) и притоа констатира и заклучи:

Мерка 1 - Наставата во основните и средните училишта се организира преку далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација, до 10 јуни 2020 година

- Наставата во основните и средните училишта се организира преку далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација, до крајот на наставната година, односно до 10 јуни 2020 година.

- За периодот на организирање на наставата во основните и средните училишта преку далечинско учење односно учење од дома, наставникот врши оценување на учениците.

\- Се применуваат Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба и Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба, во делот на организирање на далечинско учење, односно учење од дома до крајот на наставната година, односно до 10 јуни 2020 година.

Мерка 2 - Одложување на уписот на ученици во прво одделение во основно образование

- Запишувањето на децата во прво одделение во основно училиште за учебната 2020/2021 година, ќе се реализира во месец јуни, а за запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето, најдоцна до 15 јули 2020 година.

- За незапишувањето, односно за неподготвеноста на детето за тргнување во основно училиште, Комисијата за запишување на детето во училиштето е должна писмено да го извести родителот, односно старателот најдоцна до 15 јули 2020 година.

- Основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината или државниот просветен инспектор во општините каде нема овластен просветен инспектор, за децата кои не се запишани во прво одделение до 20 јули 2020 година.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба.

Мерка 3 - Продолжување на мандатите на органите на раководење и управување во основно и средно училиште (директор и/или училишен одбор)

- Мандатот на органите на управување и раководење, кој истекол или истекува за време на траењето на вонредната состојба, се продолжува за време на траењето на вонредната состојба и за 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

- Основното/средното училиште постапката за избор на органите ќе ја започне, а за започнатите, ќе ја продолжи во рок од 30 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба и Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Мерка 4 - Продолжување на лиценците за директор на основно и средно училиште до 1.09.2021 година

- Кандидатите кои се стекнале со уверение за директор, согласно прописите кои важеле до денот на отпочнувањето на примената на Законот за испит на директор (односно кои се стекнале со лиценца пред 1 октомври 2016 година), должни се најдоцна до 1 септември 2020 година да го положат испитот за директор и да се стекнат со уверение за директор, согласно одредбите од овој закон. Имајќи ја предвид актуелната ситуација и неможноста на лицата кои имаат лиценца за директор истата да ја обноват, односно немаат можност ниту да следат обука, ниту да полагаат испит за лиценца, рокот за обнова на лиценца се продолжува за една година, односно до 1 септември 2021 година.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење за време на вонредна состојба.

Мерка 5 - Континуирано обезбедување на наставен кадар, во насока на непречена реализација на наставата од далечина

- Наставниците кои до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба засновале работен однос во училиштата без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, најмногу до три месеци, со обезбедена согласност од градоначалникот на општината за општинските училишта,

градоначалникот на град Скопје за средните училишта на град Скопје, односно министерот за државните училишта, им се продолжува работниот однос за време на траењето на вонредната состојба, како и по престанокот на траењето на вонредната состојба, до завршувањето на учебната 2019/2020 година.

Во таа насока, Заклучокот со архивски бр.44-2693/1 донесен на продолжението на 32-та седница на Владата, одржана на 1 април 2020 година, што се однесува во насока да нема нови вработувања за сите трајно испразнети работни места (пензионирања и други заминувања по разни основи), да не важи за основно и средно образование.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба.

Мерка 6 - Ослободување од полагање на матура

- Учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година се ослободуваат од полагањето на државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење во средното гимназиско образование, средното стручно образование, средното уметничко образование и средното образование за ученици со посебни образовни потреби.

- На учениците кои во предвидениот рок за учебната 2019/2020 година се пријавиле за полагање на испитите за државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење и завршен испит со четиригодишно траење, училиштето по завршувањето на наставната 2019/2020 година им издава диплома за завршено средно образование.

За делот од оваа мерка што се однесува на учениците кои во претходните учебни години започнале со полагање на испити од државна матура, училишна матура, завршен испит со тригодишно траење или завршен испит со четиригодишно траење, но не ги положиле и се пријавиле во законски утврдениот рок за повторно полагање во учебната 2019/2020 година, училиштето им ја издава дипломата, Владата уште еднаш да го разгледа и да заземе став по истото.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да изготви и да достави до Владата Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба и Календарот за измена и дополнување на Календарот за организација на учебната 2019/2020 година во јавните средни училишта.

Мерка 7 - Упис на високо - образовните установи

• На прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите во академската 2020/2021 година може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура, заклучно со учебната 2018/2019 година, лице кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура и лице кое се стекнало со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба.

Мерка 8 - Продолжување на роковите за важење на студиските програми, чија важност престанала во академската 2019/2020

• Роковите за важење на акредитацијата, односно реакредитацијата на постојните студиските програми на сите три циклуси на високото образование, вклучувајќи ги и решенијата за почеток со работа на овие студиски програми, чија важност престанала во академската 2019/2020 година, продолжуваат да важат најмногу до крајот на академската 2020/2021 година.

• Роковите за донесување на решение за акредитација, односно решение за почеток со работа за нова студиска програма, односно високообразовна установа, се продолжуваат најмногу за три месеци по престанување на вонредната состојба.

• Роковите за донесување на актите, предвидени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018), а кои се во надлежност на донесување од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, односно органите на Агенцијата за квалитет во високото образование, Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование, се продолжуваат најмногу за три месеци по престанувањето на вонредната состојба.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба.

Мерка 9 - Поддршка за учество на меѓународни натпревари за основно образование

• Министерството за образование и наука за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на најмногу шест ученици и најмногу три ментори на еден меѓународен натпревар по барање на акредитираните здруженија на наставници во текот на една година, да објави јавен повик на својата интернет страница во рок од две недели од денот на завршувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија.

За оваа цел, се задолжува Министерството за образование и наука во рок од два дена да подготви и до Владата да достави Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба.

**Точка 11**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 12**

**1.** По повод одбележувањето на 4 Мај, денот на загинувањето на македонскиот револуционер и борец за слобода, Гоце Делчев, Владата заклучи:

Делегацијата предводена од м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во состав:  д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за привлекување странски инвестиции, да положат цвеќе на саркофагот во кого се сместени посмртните останки на македонскиот револуционер и борец за слобода Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“ во Скопје, како и да положат цвеќе на споменикот на Гоце Делчев во Градскиот парк во Скопје.

**2.** Во врска со продажбата на движни ствари и недвижни ствари кои припаѓале на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар“ АД од Куманово и се доделени на Република Северна Македонија, а согласно новите дополнувања на Законот за даночна постапка и Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост објавени во Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, согласно кои е потребно да се побара согласност за продажба, Владата на Република Северна Македонија, ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да побара согласност од Управата за јавни приходи за продажба на движни ствари – машини кои припаѓале на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар Куманово“ од Куманово, над кои има воспоставено законско заложно право.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да побара согласност од Финанс Инфо Асистанс ДООЕЛ за  продажба на идеалниот дел 4050/9459 од доделениот недвижен имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар Куманово“ од Куманово, запишан во ИЛ 79820 за КО Куманово.

**3.** Владата по повод укажувањето на Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, заклучи:

1) Се задолжува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, Државниот инспекторат за животна средина и заштита на природата и Државниот инспекторат за земјоделство, во рок од пет дена да спроведат координирани вонредни инспекциски надзори долж крајбрежјето на Охридското Езеро на територија на општините Охрид и Струга, со цел воспоставување на фактичката состојба за потенцијални градежни работи во заштитената зона и употребата на земјоделско земјиште за други намени и за истото да ја известат Владата, најдоцна до 11 мај 2020 година.

2) Се препорачува на Државниот завод за ревизија да изврши вонредна ревизија на ефикасноста врз спроведувањето на Законот за легализација на бесправни објекти во општина Струга и во рок од еден месец да ја информира Владата за бројот на доставени барања за легализација, бројот на завршени и тековни постапки, видот на објектите за кои се води постапка за легализација и нивната локација.

3) Се задолжува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, во рок од пет дена да спроведе координиран вонреден инспекциски надзор на градежните активности во старата Скопска чаршија и за истото да ја извести Владата, најдоцна до 11 мај 2020 година.

**4.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен повик за поднесување барање за утврдување на статус на стратешки инвестициски проект во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку три реномирани меѓународни економски списанија, согласно Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа Барањето за изменување Заклучок, доставено од Министерството за образование и наука, под бр.13-4670/1 од 24 април 2020 година и го прифати Барањето со следните заклучоци:

1) Да се измени подточката 1.1. од Заклучокот по Точка 59, донесен на Продолжението на Триесет и втората седница на Владата, одржана на 1 април 2020 година и истата да гласи:

„1.1. За сите трајно испразнети работни места (пензионирања и други заминувања по различни основи) да нема нови вработувања, освен во основното и средното образование за вработување на лица на постојно работно место ослободено по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кое работно место се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Северна Македонија.“

2) Да се измени подточката 1.2. од Заклучокот по Точка 59, донесен на Продолжението на Триесет и втората седница на Владата, одржана на 1 април 2020 година и истата да гласи:

„1.2 Доколку се утврди неопходност за пополнување на некое работно место, освен во основните и средните училишта, истото да се пополни од институции каде што има суфицит на кадар, а доколку нема таков кадар во институциите, за ангажирање на лицата претходно да одлучува Владата.

**Точка 13**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено - економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за начинот на уплата на средства на сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Оливер Спасовски |

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска